**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11- 841/1**
**Скопје, 25.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА „ВИТОЛИШТЕ „**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Витолиште за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Витолиште за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стојан Биновски, Градоначалник на Витолиште, од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 24.06. до 01.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Лилјана Стојанова - Помошник на ГДР, и овластен државен равизор;
   - Петре Гаврилов – Виш ревизор;
   - Лила Зафировска - Ревизор;
   - Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10.Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Советот на Општина Витолиште ја нема усвоена годишната сметка на буџетот на општината, што е спротивно на одредбите на член 27 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 36 од Законот за локалната самоуправа. Ова е резултат на неусогласени ставови помеѓу Градоначалникот и советниците.

Донесениот буџетски документ претставува законска рамка кон која треба да се придржува градоначалникот, и за своите активности редовно да го известува Советот, како и да го почитува Законот и годишната сметка во законски утврдениот рок да ја предложи на Советот на разгледување и усвојување.

**Препорака:**

Градоначалникот е должен годишната сметка на Буџетот да ја предложи до Советот во законски утврдениот рок согласно член 27 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а Советот да ја разгледа и да донесе соодветна Одлука за усвојување или за неусвојување наведувајќи ги причините.

10.1.2. Советот на Општина Витолиште ги нема усвоено извештаите за извршување на Програмите за локални патишта и улици, Програмата за локалните водоводи и водоснабдување, Програмата за улично осветлување и Програмата за уредување на градежно земјиште. Ова е резултат на неусогласени ставови помеѓу Градоначалникот и советниците. Неусвојувањето на извештаите значи неможност за верификација на извршувањето на Програмите.

**Препорака:**

Општина Витолиште согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.55/04), е населено место на општина Прилеп, во тој контекс при изготвување на програмите од сферата на комуналното уредување на општина Прилеп, во истите треба да се инкорпорираат и актуелните состојби од ова населено место.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Буџетот на Општина Витолиште содржи буџетски дефицит во износ од 266 илјади денари, што е спротивно на одредбите од член 4-ѓ став 2 од Законот за буџетите. Истото е поради не почитување на Законот за буџет и на насоките дадени во циркуларното писмо од министерот за финансии. Тоа доведува до трошење на средства кои не се обезбедени со буџетскиот документ.

**Препорака:**

При изготвување на буџетите да се почитува законска регулатива која го третира ова прашање.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.3.1. Позицијата краткорочни побарувања е потценета за износ од 99 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на пасивните временски разграничувања поради не евидентирање на побарувањата за закупнини за издаден деловен простор по договор број 03-22/1 од 15.02.2000 година на закупецот ТД „Агродуње” од с. Дуње и договор бр. 03-22/2 од 01.03.2000 година на закупецот ЗПЗ „Страга” од с. Витолиште и договор бр. 03-7/8 од 05.03.2003 година со ЗЗ „Мариовка“ од Витолиште за закуп на конфекциски погон Солидност во с. Витолиште, кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Општина Витолиште нема испоставувано редовно фактури за корисниците на објектите под закуп. Предходното доведува до губење на увид во побарувањата и преземање на мерки за нивна наплата.

**Препорака:**

Правниот субјект, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, должен е да ги евидентира во книговодството побарувањата кои ги има од комитентите по разни основи, вклучително и по претходно споменатиот основ – закупнини, без разлика дали истите се наплатени или не.

10.3.2. Во врска со закупот на конфекцискиот погон „Солидност„ во с. Витолиште ревизијата ја констатира следната состојба:

Склучен е договор за закуп договор бр. 03-7/7 од 05.03.2003 година со ЗЗ „Мариовка“ од Витолиште и анекс-договор бр. 03-7/8 од 05.03.2003 година со кој се ослободува закупопримачот од плаќање закупнина до 05.03.2004 година под услов да вработи 15 (петнаесет) лица во редовен работен однос исклучиво жители на Општина Витолиште. Наведеното не било почитувано, договорот официјално не е раскинат, а деловната просторија и понатаму ја користи закупопримачот. Од извршениот увид, од страна на ревизијата, на местото каде што се наоѓа објектот е констатирано дека во објектот не се обавува никаква дејност и истиот е во владение на закупецот. (Прилог фотографии од увидот на лице место)

**Препорака:**

Надлежните во општина Прилеп треба да превземат дејствија за враќање на деловниот објект во владение на локалната самоуправа од причина што со новиот Закон за територијална организација на Република Македонија општина Витолиште е населено место во општина Прилеп.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во износ од за 99 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. до 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Витолиште под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. до 10.3. кај Буџетот на општина Витолиште не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 11.11. 2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

**Буџет на ЕЛС ВИТОЛИШТЕ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3 | 1,106 | 1,106 |
| Неданочни приходи | 3.4 | 35 | 30 |
| Трансфери и донации | 3.5 | 3,915 | 4,545 |
| **Вкупно приходи** | | **5,056** | **5,681** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1 | 1,339 | 1,587 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 987 | 905 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 35 | 13 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,361** | **2,505** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 2,638 | 625 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,638** | **625** |
| **Вкупно расходи** | | **4,999** | **3,130** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **57** | **2,551** |

**Буџет на ЕЛС ВИТОЛИШТЕ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 57 | 2,551 |
| Побарувања | | 0 | 80 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | | 0 | 177 |
| **Вкупно тековни средства** | | **57** | **2,808** |
| **Вкупна актива** | | **57** | **2,808** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | | 0 | 35 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | | 0 | 80 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 486 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 57 | 2,207 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **57** | **2,808** |
| **Вкупна пасива** | | **57** | **2,808** |
| **Контрола:** | | **0** | **0** |

## ФОТОГРАФИИ ОД ИЗВРШЕН УВИД НА КОНФЕКЦИСКИОТ ПОГОН „СОЛИДНОСТ“ ВО С. ВИТОЛИШТЕ



**Фотографија 1-Затворениот конфекциски погон**



**Фотографија 2- Опремата и ситниот инвентар не се користи**